[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Република Мак
**Министерство**
**животна среди**
**и просторно**
**планирање**

Бул."Гоце Делчев
1000 Скопје,
Република Маке
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 16
Е-пошта:
infoeko@moepp.g
Сајт: www. moep

Архивски бр. 11-3142/7
Дата:
25. 09. 2015

До : Јавно претпријатие за комунални дејности
"Комуналец"
ул. "7 Ноември" бр.50
Гевгелија

Предмет: Достава на Решение за издавање на согласност за спроведување на проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија

Врска:

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност за спроведување на проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија.

Со почит,

МИНИСТЕР
NURHAN IZAIRI

Изготвил: м-р Зоран Бошев
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Игор Трајковски

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 11-3142/7
Дата: 25. 09. 2015

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014 и 44/2015), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" со седиште на ул. "7 Ноември" бр.50 во Гевгелија, како и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување и мониторинг на животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Република Македони
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.m

***Образложение***

Инвеститорот Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" со седиште на ул. "7 Ноември" бр.50 во Гевгелија до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 22.06.2015 година ја достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија. Студијата е изготвена од страна на Друштвото за производство, градежништво, инженеринг, трговија, консалтинг и други услуги "БАР Е.Ц.Е." ДОО од Скопје, со одговорно лице Алекса Томовски – Експерт за оцена на влијанието врз животната средина.

Целта на Проектот е изведба на Пречистителната станица за отпадни води, а главни причини за спроведување на проектот се : проектот ќе допринесе за одржлив развој на Општина Гевгелија, пречистување на отпадните (комунални и индустриски) води на градот Гевгелија, подобрување на квалитетот на водите на реката Вардар, зголемување на атрактивноста на регионот како и зајакнување на прекуграничната соработка помеѓу Општина Гевгелија и соседните општини во соседна Грција. Пречистителната станица за отпадни води ќе овозможи пречистување на комуналните отпадни води и ќе биде проектирана за 32.000 еквивалент жители, а ќе ги пречистува отпадните води од домаќинствата, јавните, комерцијалните и индустриските објекти. Предвидената локација за изградба на оваа пречистителна станица за отпадни води се наоѓа на државно земјиште на КП број 101 м.в. "Зауста" во КО Гевгелија. Според Генералниот урбанистички план на Гевгелија, локацијата предвидена за изградба на пречистителната станица за отпадни води се наоѓа на околу 300 метри југо-источно од градот, на простор помеѓу сливот на реката Коњска (Сува) и реката Вардар. Пречистувањето на отпадните води ќе ги има следните главни карактеристики: прелиминарен третман со одстранување на крупната нечистотија како цврст комунален отпад фина решетка со одстранување на песок, биолошки третман со активен третман на милта концепт што ќе овозможи работа на постројката во променливи режими, систем за аерација, одводнување на милта. Станицата ќе биде проектирана да произведе квалитет на ефлуентот согласно со Европската директива за третман на комуналните отпадни води 91/271/EEC. Крајниот реципиент на третираната отпадна вода која ќе ги задоволува критериумите на Класа II, ќе биде реката Вардар.

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

[redacted]

Република Македони
**Министерство за
животна средина
и просторно
планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.m

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и фазата на работење како: флората и фауната, водата, воздухот, бучавата, отпадот и визуелните влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на изградба и оперативната фаза на инсталацијата и непредвидени незгоди (хаварии) во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, кои според наша оцена се соодветни и апликативни. Во Студијата за ОВЖС предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животната средина како и план за управување со животната средина и социјалните аспекти.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014 и 44/2015) се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија на ден 20 јули 2015 година (понеделник), во Малата сала на Народниот театар во Општина Струмица со почеток во 12.00 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Пречистителна станица за отпадни води во градот Гевгелија ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

[redacted]

Република Македон
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.m

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

**МИНИСТЕР**
**NURHAN IZAIRI**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изготвил: м-р Зоран Бошев
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Игор Трајковски